**Република македонија**
**Државна изборна комисија**
**Бр** 10-2098/2
**17 јуни 2011 година**
**Скопје**

На седницата одржана на 15 јуни 2011 година, по повод усвојувањето на Извештајот на Државната изборна комисија за конечните резултати од спроведените Предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, одржани на 5 јуни 2011 година, а во врска со изјавите на 7-те градоначалници за изземање поради неспојливост на функција, Државната изборна комисија го дава следното

## МИСЛЕЊЕ

1. Според изборниот законик, во периодот од изборот до верификацијата на мандатот, Државната изборна комисија, нема овластувања и надлежност да постапува по доставените изјави на кандидатите за пратеници за нивно изземеање, бидејќи тие се веќе избрани за пратеници.
   Со оглед на тоа, Државната изборна комисија, кон Извештајот на Државната изборна комисија за конечните резултати од спроведените Предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, одржани на 5 јуни 2011 година, во прилог ги доставува писмените изјави на избраните кандидати за неприфаќање на мандатот и функцијата пратеник во Собранието на Република Македонија, а поради неспојливост со функцијата градоначалник, кои изјави се поднесени од: Руфи Османи, градоначалник на општина Гостивар, Стевчо Јакимовски, градоначалник на општина Карпош, Зоран Заев, градоначалник на општина Струмица, Владимир Талевски, градоначалник на општина Битола, Ивица Коневски, градоначалник на општина Аеродром, Маријан Ристевски, градоначалник на општина Прилеп и Изет Меџити, градоначалник на општина Чаир.

2. Државната изборна комисија утврди дека во Изборниот законик не постојат никакви ограничувања во однос на тоа дека секој избран кандидат за пратеник може да побара да не му биде верификуван мандатот при конституирањето на Собранието на Република Македонија. Оттука, Државната изборна комисија смета дека Верификационата комисија треба да ја почитува слободно изразената волја на лицата од точка 1 на ова Мислење, и имајќи ги предвид наводите во изјавите на Собранието на Република Македонија да му предложи да не го верификува нивниот мандат.

3. Откако Собранието на Република Македонија ќе одлучи согласно точка 2 на ова Мислење, Државната изборна комисија ќе ја спроведе постапката согласно членовите 152 и 153 од Изборниот законик, по претходно известување од страна на Собранието на Република Македонија..

4. Ова мислење да се достави до Собранието на Република Македонија.

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Борис Кондарко**